ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 02-1008/26
26.02.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2021**

1.За извршител на работно место:
- **Помошник раководител на Сектор за подршка на Градоначалникот**, како прво рангиран кандидат се избира Кети Штерјова, со освоени вкупно 35,50 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработена на работното место **Помошник раководител на Сектор за подршка на Градоначалникот** по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Интерниот оглас бр.01/2021, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 12.02.2021 година за вработување на административен службеник на работно место - **Помошник раководител на Сектор за подршка на Градоначалникот**, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.02-1008/12 од 22.02.2021 година, донесено од страна на Секретарот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот изготви финална ранг листа ја достави до Секретарот.

Врз основа на доставената финална ранг листа и предложениот прворангиран кандидат се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**СЕКРЕТАР,**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**Маја Ралевска**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси.